1. Производи и стоки **без маржа во трговија на мало од 09.03.2022 и ДДВ од 17.03.2022 година (проширена листа од 01.04.2022 за тип 500).**

   1 - леб бел и полубел (цел и сечен на парчиња);
   2 - сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);
   3 - брашно од пченица – тип 400 и **тип 500**;

Стоките утврдени во точките 1, 2 и 3 (од член 1 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од Одлуката), ќе се продаваат во трговијата на мало **по набавна цена**, без трговска (профитна) маржа.

Продажна цена = Набавна вредност

2. Производи и стоки во **трговијата на мало** кои се продаваат со ограничена највисока **вкупна трговска (профитна) маржа од 3% од 09.03.2022 година, со вклучени производствени и максимум 15% оперативни трошоци.**

1 - шеќер бел конзумен;

2 - трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;

3 - свежо месо;

4 - сувомеснати производи – салама (посебна и пари- зер од свинско, пилешко и говедско), виршли (пилешки, свински, јунешки) и колбаси (пилешки, свински

и говедски) со додатоци во нив;

5 - сирење бело кравјо и сирење бело мешано кравјо и овчо;

6 - урда кравја;

7 - македонски ориз бел;

8 - јајца од кокошка и

9 - шпагети и макарони од мека и дурум пченица.

**Пресметка на маржа:**

(Продажна цена - ДДВ) x 3% = вкупна профитна маржа

Продажна (цена) = Набавна цена + Оперативни трошоци + Маржа + ДДВ

**Пресметка на маржа**

Маржа = Продажна цена x 3%

Оперативни трошоци = Набавна вредност (цена) x 15%

Продажна цена = Набавна цена + Оперативни трошоци + Маржа + ДДВ

3. Производи и стоки во **трговијата на големо** кои се продаваат со ограничена највисока **вкупна трговска (профитна) маржа од 4% од 09.03.2022 година, со вклучени производствени и оперативни трошоци (максимум 20% оперативни трошоци од 01.04.2022 година).**

Трговскиот ланец на трговијата на големо ги вклучува сите трговски друштва и трговци поединци и производителите кои ги произведуваат стоките кои се предмет на промет и се опфатени со Одлуката, за следните:

1 - леб бел и полубел (цел и сечен на парчиња);

2 - сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);

3 - брашно од пченица– тип 400 и тип 500;

4 - шеќер бел конзумен;

5 - трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;

6 - свежо месо;

7 - сувомеснати производи – салама (посебна и пари- зер од свинско, пилешко и говедско), виршли (пилешки, свински, јунешки) и колбаси (пилешки, свински

и говедски) со додатоци во нив;

8 - сирење бело кравјо и сирење бело мешано кравјо и овчо;

9 - урда кравја;

10 - македонски ориз бел;

11 - јајца од кокошка и

12 - шпагети и макарони од мека и дурум пченица.

**Пресметка на маржа:**

(Продажна цена - ДДВ) х 4% = вкупна профитна маржа

**Пресметка на продажна цена:**

Маржа = (Продажна цена - ДДВ) х 4%

Оперативни трошоци = Набавна цена х 20%